Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1707/2020
Дата 13 -01- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Чашка, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект за поединечни градби вон населени места со намена Г5.6 - Рибници, на КП бр. 1560 во КО Нежилово, Општина Чашка.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,37 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y16320** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за поединечни градби вон населени места со намена Г5.6 - Рибници, на КП бр. 1560 во КО Нежилово, Општина Чашка, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на Република Македонија е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште – нива.

5. Планскиот опфат на рибникот се наоѓа во горниот слив на реката Бабуна каде водата се одликува со висок квалитет. Капацитетот на рибникот и неговото функционирање не смеат да го нарушуваат квалитетот на водата и природната рамнотежа во постојниот екосистем.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект за поединечни градби вон населени места со намена Г5.6 - Рибници во КО Нежилово, Општина Чашка, се наоѓа во граници на предложениот за заштита НП Јакупица. Затоа, при изработка на Урбанистичкиот проект за поединечни градби вон населени места да се внимава да не дојде до нарушување на предложеното за заштита природно наследство и да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата, како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

7. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Урбанистички проект за поединечни градби вон населени места со намена Г5.6 – Рибници во КО Нежилово, Општина Чашка., потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животна и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Чашка, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), со постапка бр. 32523 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект за поединечни градби вон населени места со намена Г5.6 - Рибници, на КП бр. 1560 во КО Нежилово, Општина Чашка.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,37 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за поединечни градби вон населени места со намена Г5.6 – Рибници во КО Нежилово, Општина Чашка, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1707/2020 од 30.12.2020 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистички проект за поединечни градби вон населени места со намена Г5.6 - Рибници, на КП бр. 1560 во КО Нежилово, Општина Чашка, и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија",

претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект за поединечни градби вон населени места со намена Г5.6 - Рибници, на КП бр. 1560 во КО Нежилово, Општина Чашка**, и одлучи како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Naser Nuredini**

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk